ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# ИНТЕРНИ ПРОЕКТИ ВО 2020-2021 година

(реализација на проектите 01.10.2020-31.05.2021 година)

# Проект: „Дивите животни во Република Северна Македонија - Рисот како национален симбол„

Носители/реализатори:

* Воспитувач Анкица Крстевска, воспитна група од 5-6 години, објект Карпош 2; и
* Воспитувач Мирјана Китановска, воспитна група од 4-5 години, објект Карпош 4.

Општа цел на проектот:

* Запознавање на децата со дивите животни во нашата земја, нивните карактеристики и живеалишта, со посебен осврт на рисот како карактеристично диво животно кое претставува и национален симбол на нашата земја.



Очекувани резултати:

* Преку реализација на овој проект за дивите животни како една од омилените теми на децата ќе се продлабочат детските сознанија за животинскиот свет во нашата земја како и љубовта и интересот за дивите животни. Децата ќе се запознаат со рисот како наш национален симбол и како може да се заштити.

# Проект: ,, Мали ама важни - инсекти,,

Носители/реализатори:

* Воспитувач Наташа Јаневска, хетерогена група, објект Карпош 2; и
* Воспитувач Елена Гласновиќ, воспитна група 4-5 години, објект Карпош 3.

Општа цел на проектот:

* Запознавање на децата со инсектите, нивните карактеристики, специфичностите и нивната корист.

Очекувани резултати:

* Со овој проект кој е непресушен извор на интерес на децата подетално ќе се запознаат со инсектите. Природно е децата да се интересираат за инсектите, па затоа и учењето за нив треба да биде што поприродно и непосредно.



# Проект: ,,Праисториските животни во Република Северна Македонија и диносаурусите,,

Носители/реализатори:

* Воспитувач Сашка Димитровска Петрова , воспитна група од 5-6 години, објект Карпош 4;
* Воспитувач Христина Атанасовски, воспитна група од 4-5 години, објект Карпош 3.

Општа цел на проектот:

* Децата да се запознаат со диносаурусите и праисториските животни што постоеле во Република Северна Македонија.

Очекувани резултати:

* По завршување на оваа проектна задача децата ќе бидат запознаени со праисториските животни кои постоеле во Македонија и диносаурсите кои се многу интересни за нив. Ќе знаат да ги препознаваат и опишуваат нивните карактеристики, користејќи ја креативноста и фантазијата.





# Проект: “Откриваме,истражуваме,твориме и учиме” - Работа со природен материјал

Носители/реализатори:

* Воспитувачи: Соња Тошевска, воспитна група од 5-6години, објект Карпош 3; и
* Оливера Цветаноска воспитна група од 5-6години, објект Карпош 3.

Општа цел на проектот:

* Развивање на љубопитност и свест кај децата за важноста на природата, љубов и грижа кон неа, формирање на елементарни сознанија за промените и појавите во природната средина, со цел поттикнување на холистичкиот развој кај децата.

Очекувани резултати:

* Кај децата ќе се поттикне и развива љубовта кон природата, а истовремено ќе се поттикнат да бидат креативни, срећни и исполнителни во своите истражувања, критички да размислуваат, да истражуваат и испитуваат нови можности на пронаоѓање на решенија, уживајќи во нејзините убавини.



# Проект: Годишни времиња

Носители/реализатори:

* Воспитувачи: Александра Андреевска, воспитна група од 5-6 години, објект Карпош 4; и
* Дијана Стефановска, воспитна група од 4-5 години, објект Карпош 2.

Општа цел на проектот:

* Целта на проектот е децата да ги научат поимите за годишни времиња, нивните карактеристики и разлики помеѓу нив, како и да формираат елементарни сознанија за промените и појавите во природната средина.

Очекувани резултати:

* Преку реализација на овој проект, децата ќе ги прошират знаењата за годишните времиња, ќе ги научат карактеристиките на секое годишно време, промените кои се случуваат во природата, месеците во годината, а притоа ќе се поттикне иницијативноста, креативноста, детската фантазија, љубопитноста и истрајноста кај децата.

